У-6.бр.493/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Мухамет Исмаили - помлад судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Питон ДОО Охрид, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски од Охрид, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.10-469/5 од 25.07.2019 година, за концесија, на седницата на советот одржана на ден 21.05.2020 година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Питон ДОО Охрид, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.10-469/5 од 25.07.2019 година, СЕ ПОНИШТУВА.

Барањето за надомест на трошоци по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор, ја оспори законитоста на оспореното решение означено во изреката на пресудата поради повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог, тужбата да се уважи и оспореното решение поништи.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана во целост при оспореното решение со предлог, тужбата да се одбие како неоснована.

Управниот суд најде дека тужбата е основана.

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, жалбата на жалителот Питон ДО Охрид, сега тужителот, изјавена против Одлуката за избор на најповолна одлука понуда за доделување на концесија за вршење на стопански риболов на риболовно подрачје „Охридско езеро“ бр.45-1770/9 од 25.06.2019 година објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр.132 од 28.06.2019 година, донесена по Јавен повик за доделување на концесија за вршење на стопански риболов на риболовно подрачје „Охридско езеро“ на концедентот Влада на Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, се отфрла како недозволена.

Согласно член 36 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10), судот одлучува за спорот, по правило врз основа на фактите што се утврдени во управната постапка или врз основа на фактите што сам ќе ги утврди. Согласно член 37 став 1 од истиот закон, законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 2 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2015), овој закон се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги. Со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон.

Согласно член 106 став 1 од Законот за општата управна постапка, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

Согласно член 9 од Законот за општата управна постапка, кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките.

Согласно член 220 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2015 ...83/2018), во постапката за правна заштита Државната комисија може да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуреденост, ненавременост, поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 212 став (2) на овој закон.

Од увидот во списите на предметот произлегува дека Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по жалбата на сега тужителот Питон ДО Охрид изјавена против Одлуката за избор на најповолна одлука понуда за доделување на концесија за вршење на стопански риболов на риболовно подрачје „Охридско езеро“ бр.45-1770/9 од 25.06.2019 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр.132 од 28.06.2019 година, донесена по јавен повик за доделување на концесија за вршење на стопански риболов на риболовно подрачје „Охридско езеро“ на концедентот Влада на Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, истата ја отфрлила како недозволена бидејќи истата била поднесена пред време односно не била изјавена согласно членот 216 став 2 алинеја 5 од Законот за јавните набавки. Ова откако тужениот орган утврдил дека сега тужителот жалбата ја поднел лично во архивата на Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 08.07.2019 година додека известувањето за избор на најповолна понуда со број 33-304/56 од 09.07.2019 година сега тужителот го примил на 12.07.2019 односно по доставувањето на жалбата.

Управниот суд, имајќи ги предвид погоре цитираните законски одредби најде дека тужениот орган неправилно го применил материјалното право и неправилно ја утврдил фактичката состојба поради што донел незаконито решение, на што тужителот основано укажува во тужбата.

Управниот суд од увидот во списите на предметот и цитираните законски одредби најпрво наоѓа дека тужениот орган неправилно врши поистоветување на поимот недозволеност со ненавременост. Имено под недозволеност на жалбата се подразбира доколку истата ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата, додека под ненавременост се подразбира доколку жалбата е изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување. Согласно наведеното а имајќи го предвид член 220 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, Државната комисија нема законска можност да ја отфрли жалбата како предвремена со оглед дека истото не е дадено како можност во самиот Закон.

Понатаму, имајќи го предвид член 2 од Законот за општата управна постапка произлегува дека овој закон предвидува минимална заштитата на правата и правните интереси на странките додека со специјалните закони може да се уредуваат работите на друг начин само доколку не се во спротивност со основните начела и целта на генералниот закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси. Имајќи ги предвид наведените одредби произлегува дека, наводите на сега тужителот за непримена на член 106 од Законот за општата управна постапка од страна на тужениот орган се основани.

Согласно погоре наведеното, судот наоѓа дека тужениот орган во повторната постапка потребно е да ги има во предвид укажувањата на судот и да ја прифати жалбата како навремена и да одлучува по наводите на жалителот истакнати во жалбата, па откако целосно ја утврди фактичката состојба да донесе правилно и законско решение.

Имајќи предвид дека согласно член 7-б од Законот за управните спорови, во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие, барањето на тужителот судот да донесе пресуда со која ќе го задолжи тужениот орган да ги надомести трошоци во постапката за управен спор, судот го одби како неосновано.

Со оглед на наведеното а согласно членот 39-а став 1 од Законот за управните спорови, се одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Управниот суд на ден 21.05.2020 година под У-6.бр.493/2019.

Записничар - помлад судски соработник<br>Мухамет Исмаили

Претседател на совет - Судија<br>Марта Телеграчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави до:
- тужителот преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет – Судија<br>Марта Телеграчиска

Согласно со изворникот<br>Судски службеник

РН /